# ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА: **МИСЛЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ**



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# Процесот на децентрализација: мислење на граѓаните

**Издавач:**
Фондација Фридрих Еберт - канцеларија Скопје

**За издавачот:**
Штефан Денерт

**Автори**
Мирјана Борота Поповска
Васил Поповски

**Рецезент**
Снежана Костадиновска Милошевска

**Лектор**
Марија Станкова

**Превод**
Наташа Заева

**Печати**
Ива-копи Скопје

**Тираж**
300 примероци

ЦИП Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“ Скопје

342.25:316.653(497.7)”2005”
342:316.653(497.7)”2005”

БОРОТА Поповска, Мирјана
Процесот на децентрализација: мислење на граѓаните / [автори]
Мирјана Борота Поповска, Васил Поповски, превод Наташа Заева,
Скопје: Friedrich Ebert Stiftung, 2006, 56, 56 стр. 22 см.
Насл. стр. на припечатениот текст: Decentralization process: citizens’
views. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки

ISBN 9989-109-28-1

1. Поповски, Васил 2. Борота Поповска, Мирјана:
Decentralization process
Децентрализација - Јавно мислење - Македонија - 2005
COBISS.MK-ID 65147146

**Вовед** .... 9

Примерок .... 11

**ГЛАВА 1**

1. Процесот на децентрализација како начин за приближување на власта кон граѓаните и за подобрување на услугите .... 13

1.1. Што мислат граѓаните за работата на локалната самоуправа? .... 13

1.2. Дали откако е започнат процесот на децентрализација во единиците на локалната самоуправа е настаната некоја промена од аспект на унапредување на работата? .... 18

**ГЛАВА 2**

2. Информираност на граѓаните за процесот на децентрализација .... 21

2.1. Информираност за преносот на надлежности по области .... 21

2.2. Оценка на изворите што информираат за процесот на децентрализација .... 41

**ГЛАВА 3**

3. Кои се очекувањата на граѓаните од локалната самоуправа .... 45

3.1. Што сакаат граѓаните да се подобри во нивната локална самоуправа? .... 45

3.2. Дали општината има организационен и кадровски капацитет да ги спроведува новите надлежности? .... 48

**ГЛАВА 4**


4. Граѓанска партиципација ........ 51
4.1. Подготвеност на граѓаните да партиципираат во работењето на локалната самоуправа ........ 51
4.2. Колку време се подготвени граѓаните да одвојат за работа во локалната самоуправа на волонтерска основа ........ 53

# Вовед

Локалната самоуправа го претставува начинот на кој најлесно можат да се пресретнат барањата на локалното население и да се изнајдат солуции за решавањето на проблемите. Може да се дефинира преку трите главни компоненти: координирање на политиките; партиципација на граѓанскиот сектор и бизнис заедницата; ефикасност на локалните програми.

Зајакнувањето на капацитетот на менаџментот и човечките ресурси во локалната самоуправа треба да резултира со кохерентни акции за решавање на локалните состојби. Основното орудие за унапредување на локалната самоуправа е децентрализацијата и граѓанската партиципација. Општо прифатено е дека децентрализациското донесување на одлуките ги промовира прагматичните решенија на локалните проблеми.

Во принцип, децентрализацијата треба да одвои повеќе простор за интегрирани програми. Ваквите програми треба да се комбинираат со партиципација на локалната власт и државата, приватниот сектор, граѓанските организации или социјални групи кои треба да поддржат развојни стратегии што ќе ги балансираат можностите за економскиот развој, социјалното вклучување и квалитетот на животот.

Македонија, со донесувањето низа закони од оваа област, е веќе длабоко навлезена во децентрализацискиот процес кој стана реалност за македонските граѓани. Цврстата решеност на Република Македонија да опстои во овој процес го прави негов есенцијален дел да се слушне мислењето на граѓаните.

За да се добијат податоци кои укажуваат како граѓаните го восприемаат овој процес, креиран е специјален прашалник со кој директно се прашуваат граѓаните што мислат за децентализацијата, колку се запознаени со преносот на

надлежности и што сакаат да знаат, каде се информираат и во која мера, каде би сакале нивната локална самоуправа да се ангажира за да ги подобри услугите и условите на живеење, колку се подготвени граѓаните да партиципираат.

Добиените податоци имаат значење за креаторите и имплементаторите на локалната политика, и тоа за повеќе сфери од менаџментот во локалната самоуправа: креирање на приоритети за одржив локален развој, дефинирање на стратегии, акциони планови, унапредување на граѓанска партиципација и социјалното вклучување, што ќе резултира во подигање на квалитетот на животот. Вредноста на податоците се зголемува и со избраниот момент во кој се спроведе истражувањето на јавното мислење, во периодот од 20 до 26 јуни 2005, односно една недела пред преносот на надлежностоте што започна на 1 јули 2005.

Се надеваме дека добиените резултати ќе придонесат за креирање на ефикасни политики  на локално ниво, дека ќе отворат можности за понатамошни истражувања, кои ќе го следат целиот процес и ќе престуваат репер за корекција или дирекција на понатамошните локални практики.

Раководител на проектот

Проф. Д-р Мирјана Борота Поповска

# Примерок

Примерокот е репрезентативен и ги покрива сите граѓани на РМ врз оснива на пол, етничка припадност, возраст, работен статус и НУТС региони. Големината на примерокот е 1200 испитаници.

Сите интервјува беа спроведени според методот лице в лице, во домовите на испитаниците и на нивниот мајчин јазик.

Прашалникот е составен од затворени прашања на кои испитаниците може да изберат по еден одговор. Испитаниците беа замолени да одговорат на секое прашање, а исто така им беше оставена можност и да го изберат одговорот не знам.

ГЛАВА 1

# Процесот на децентрализација како начин на приближување на власта кон граѓаните и подобрување на услугите

## 1.2.

## Што мислат граѓаните за работата на локалната самоуправа?

Давањето оценка за работењето на локалната самоуправа беше овозможено преку поставување на неколку прашања. За секое прашање беше дадена можност граѓаните да ја оценат локалната самоуправа со оценка од 1 до 5 (каде 1 е најслаба а 5 е највисока оценка). Граѓаните требаше да дадат оценка за следните области: разбирање и исполнување на барањата на граѓаните; информирање на граѓаните; охрабрување на активно учество на граѓаните; подобрување на услугите за граѓаните.

Во табелата 1, е дадена просечната оценка за сите испитани општини, во однос на пооделни активности. Од добиените резултати може да се види дека просечниот успех е многу низок 1,88. Нема ниту преодна оценка, Каде пооделно, највисока оценка има за : ”Ги разбира и одговара на барањата на граѓаните ” 1,96; а најниска за ”Го охрабрува активното учество на граѓаните” 1.78.

| **Табела 1. Како може да ја оцените досегашната работа на вашата локална самоуправа со оценка од 1 до 5, каде што 1 коренспондира со недоволно, 2 доволно, 3 добро, 4 многу добро, 5 одлично.** | | |
|---|---|---|
| 1. | Ги разбира и одговара на барањата на граѓаните | 1.96 |
| 2. | Ги информира граѓаните. | 1.94 |
| 3. | Ги унапредува услугите за граѓаните | 1,85 |
| 4. | Го охрабрува активното учество на граѓаните | 1,78 |
| | **Тотална просечна оценка** | **1,88** |

## Локалната самоуправа ги разбира и ги исполнува барањата на граѓаните.

Целта на секоја децентрализација на власта е приближување на власта до граѓаните. Успехот на децентрализацијата се мери преку тоа, колку е блиска власта со граѓаните, односно во која мера ги разбира и ги исполнува нивните барањата. Просечната оценка што ја добила локалната самоуправа во оваа област е 1,96. Од тоа, како што може да се види од табелата , 39,8% од граѓаните локалната самоуправа ја оцениле со 1 (единица-незадоволително), додека пак само 3,1% ја оцениле со 5 (пет-одлично). Од Табелата 2, може да се согледа дека нешто малку позадоволни се граѓаните ор руралните средини каде просечната оценка е 2.03, за разлика од граѓаните во урбанитре средини каде што просечната оценка е 1.93.

**Табела 2.** Локалната самоуправа ги разбира и ги исполнува барањата на граѓаните.

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 40.10% | 38.80% | 39.80% |
| 2 | 27.40% | 22.20% | 26.00% |
| 3 | 17.70% | 14.80% | 16.90% |
| 4 | 4.90% | 5.80% | 5.20% |
| 5 | 2.30% | 5.20% | 3.10% |
| Не знае | 7.60% | 13.20% | 9.20% |
| **Вкупно** | **100.00%** | 100.00% | 100.00% |
| **Просечна оцена:** | 1.93 | 2.03 | 1.96 |

## Локалната самоуправа ги информира граѓаните

Информирањето е значаен аспект на локалната самоуправа и предуслов за етаблирање и одржување на врската со граѓаните. Тоа е еден од начините со кој ќе биде во можност да ја приближи власта до граѓаните. Просечната оценка што ја добила локалната самоуправа во оваа област е 1.94. Како што може да се види од Табелата 3 , 41% од граѓаните ја оцениле со 1(единица-незадоволително) а само 3,1% со 5(пет-одлично). Од просечните оценки може да се види дека нешто поинформирани се граѓаните од урбаните општини , каде просечната оценка е 1.95, а помалку информирани се чувствуваат граѓаните од руралните општини, 1.92.

**Табела 3.** Локалната самоуправа ги информира граѓаните

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 40.00% | 44.90% | 41.30% |
| 2 | 27.80% | 20.30% | 25.80% |
| 3 | 16.90% | 16.60% | 16.80% |
| 4 | 5.50% | 4.60% | 5.20% |
| 5 | 2.60% | 4.00% | 3.00% |
| Не знае | 7.20% | 9.50% | 7.80% |
| Вкупно | 100.00% | 100.00% | 100.00% |
| Просечна оцена: | 1.95 | 1.92 | 1.94 |

## Локалната самоуправа ги подобрува услугите за граѓаните

Причината поради која се започнува децентрализацијата на власта е покрај доближувањето на власта до граѓаните, разбирањето на конкретните потреби на локалното население. Од детектирањето на потребите и можностите,треба да произлезат активности за креирање на конкретни проекти кои ќе излезат во пресрет на дефинираните потреби, што ќе овозможат подобрување на животот на населението. Еден аспект на подобрувањето на квалитетот на животот на населението е и преку подобрување на услугите. Поради тоа беше побарано од граѓаните да оценат дали е настанато подобрување на услугите. Просечната оценка е 1.85, и нема разлика меѓу граѓаните на урбаните и руралните општини. Зо оценка 1 се изјасниле 45% од испитаниците, додека за оценка 5 се изјасниле само 2,5% од испитаниците, како што може да се види од Табела 4.

**Табела 4.** Локалната самоуправа ги подобрува услугите за граѓаните

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 44.20% | 47.10% | 45.00% |
| 2 | 28.20% | 22.50% | 26.60% |
| 3 | 14.00% | 12.90% | 13.70% |
| 4 | 5.20% | 5.20% | 5.20% |
| 5 | 2.20% | 3.40% | 2.50% |
| Не знае | 6.20% | 8.90% | 6.90% |
| **Вкупно** | 100.00% | 100.00% | 100.00% |
| **Просечна оцена:** | 1.85 | 1.85 | 1.85 |

## Локалната самоуправа го охрабрува активното учество на граѓаните

За да може локалната самоуправа соодветно да функционира потребно е да настојува да ги вклучува граѓаните во нејзината работа, и тоа на повеќе нивоа, како на ниво на испитување на мислењето на граѓаните за приоритетните потреби така и на ниво на одлучување и имплементирање на одлуките и проектите. За тоа колку локалната самоуправа фо охрабрува активното учество на граѓаните, во Табела 5, може да се види дека: просечната оценка е најниска и изнесува 1.78. Од тоа 49.6% од граѓаните се определиле за оценката 1(единица-незадоволително) , а само 2,6% се определиле за 5 (петка- одлично). Може да се забележи дека граѓаните од руралните средини се малку повеќе охрабрени за активно учество, нивната просечна оценка е 1.86, за разлика од граѓаните во урбаните општини каде што просечната оценка е 1.75.

**Табела 5.** Го охрабрува активното учество на граѓаните

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **1** | 49.90% | 48.60% | 49.60% |
| **2** | 22.50% | 16.60% | 20.90% |
| **3** | 12.50% | 15.40% | 13.30% |
| **4** | 4.60% | 4.30% | 4.50% |
| **5** | 1.90% | 4.30% | 2.60% |
| **Не знае** | 8.60% | 10.80% | 9.20% |
| **Вкупно** | 100.00% | 100.00% | 100.00% |
| **Просечна оцена:** | 1.75 | 1.86 | 1.78 |

## 1.2.

## Дали откако е започнат процесот на децентрализација во единиците на локалната самоуправа е настаната некоја промена од аспект на унапредување на работата

Интересен е и одговорот на прашањето ; ”Дали според ваше мислење и искуство, откако е започнат процесот на децентрализација, во единицата на локалната самоуправа е настаната некоја промена од аспект на унапредување на работата?”, Табела 6. Тука 56.6% од испитаниците го одбрале одговорот не, а 28.7% не знае. Само 14.7% мислат дека откако е започнат процесот на децентрализација се настанати некои промени од аспект на унапредување на работата. Во руралните средини малку повеќе од граѓаните мислат дека има унапредување на работата - 20.3%, за разлика од граѓаните во урбаните средини -12,7%. Иако е нормално и очекувано секоја промена да резултира со периоди каде што има тешкотии за адекватно остварување на активностите и застој во резултатите, сепак ваквите одговори упатуваат на заклучок, дека целосниот процес на децентрализација сеуште е одвоен од граѓаните; тие го воприемаат како нешто ним далечно и некорисно и го касифицираат во рамките на партиската корист и распределба, а не во општото добро за граѓаните.

**Табела 6.** Дали според Вас, откако е започнат процесот на децентрализација во единицата на локалната самоуправа е настаната некоја промена (унапредување на работата)?

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 12.70% | 20.30% | 14.70% |
| Не | 58.30% | 52.00% | 56.60% |
| Не знае | 29.10% | 27.70% | 28.70% |
| Вкупно | 100.00% | 100.00% | 100.00% |

*Импликации за креаторите и имплеметаторите на локалната политика*

Добиените резултати говорат дека:

- Кај граѓаните постои висока свест , но и високи очекувања, за резултатите што локалната самоуправа преку процесот на децентрализација треба да ги оствари.
- Потребно е локалните самоуправи да вложат напори да се приближат до населението и  да ја стекнат (зголемат) довербата, преку унапредување на донесување на одлуки, базирајки ги врз подобро прибирање на информации од сите општествени агенти, што ќе доведе до подобро разбирање на барањата и проблемите.
- Локалните самоуправи треба да го унапредат процесот на комуникација со граѓаните, што треба да биде двонасочен-значи да се овозможи повратна врска , а не да биде сведен само на ад хок давање информации.
- Унапредувањето на комуникацијата значи и поттикнување на активната партиципација на граѓаните, односно активирање на едукативниот, техничкиот, социјалниот капитал на заедницата.
- Подобрувањето на услугите е основниот принцип преку кој конкретно се согледува ефикасноста на една локална самоуправа, и ова очекување е релевантно за граѓаните.

## ГЛАВА 2

# Информираност на граѓаните за процесот на децентрализација

## 2.1.

## Информираност за преносот на надлежности по области

На испитаните граѓани им беше дадена можност да се изјаснат за тоа колку тие сметаат дека се информирани за преносот на надлежностите во различни области, наведени во Табелата 7. За секоја област граѓаните можеа да дадат 4 типа на одговори , при што; 1-воопшто не сум информиран, 2-делумно сум информиран, 3-доволно сум информиран, 4-одлично сум информиран. Пресметувајки ја средната вредност може да се заклучи дека информираноста на граѓаните се движи во опсег од 1- воопшто не сум информиран до 2-делумно сум информиран, што упатува дека поголемиот број од граѓаните се неинформирани за целосниот процес. При тоа, најдобро се информирани во областа образование со средна вредност 1.86, а најслабо во областа за пренос на надлежности за заштита и спасување на граѓани и противпожарна заштита- 1.44.

**Табела 7. Оценете ја вашата информираност за целосниот процес на децентрализацијата на власта и пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво.**
**1.Воопшто не сум информиран**
**2.Делумно сум информиран**
**3.Довоно сум информиран**
**4.Одлично сум информиран**

| | **Средна вредност** |
|---|---|
| Пренос на надлежности во образование | 1,86 |
| Пренос на надлежности во комунални дејности | 1,71 |
| Пренос на надлежности во урбанистичкото планирање | 1,66 |
| Финансирање на општините | 1,66 |
| Пренос на надлежности за локален економски развој | 1,62 |
| Пренос на надлежности во културата | 1,61 |
| Пренос на надлежности за заштита на животната средина | 1,59 |
| Пренос на надлежности во социјалната заштита и заштитата на децата | 1,55 |
| Пренос на надлежности за заштита и спасување на граѓани и противпожарна заштита | 1,44 |

# Информираност за преносот на надлежности во образованието

Од Табелата 8, може да се види дека информираноста за преносот на надлежности во областа на образованието е нешто малку подобра кај граѓаните во урбаните средини отколку кај граѓаните во руралните средни. Од тоа, 36% од населението и во урбаните и во руралните средини се изјасниле дека се делумно информирани, а 6.6% граѓани во урбаните средини се информирани одлично, за разлика од 2.5%граѓани од руралните средини кои го одбрале овој одговор. Во просек, 41.2% од граѓаните не се воопшто информирани.

**Табела 8.** Информираност за преносот на надлежности во образованието

| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Град** | **Село** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 39.80% | 44.90% | 41.20% |
| **Делумно сум информиран** | 36.10% | 36.60% | 36.30% |
| **Доволно сум информиран** | 17.40% | 16.00% | 17.10% |
| **Одлично сум информиран** | 6.60% | 2.50% | 5.50% |
| **Вкупно** | 100.00% | 100.00% | 100.00% |

**Табела 8.1.Информираност за преносот на надлежности во образованието**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вработен во јавниот сектор** | **Вработен во приватниот сектор** | **Земјоделец** | **Домаќинка** | **Пензионер** | **Студент** | **Невработен** | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 27.00% | 39.20% | 52.30% | 59.20% | 50.40% | 31.90% | 46.60% | **41.20%** |
| Делумно сум информиран | 40.00% | 37.40% | 34.10% | 28.90% | 33.10% | 38.10% | 35.40% | **36.30%** |
| Доволно сум информиран | 23.00% | 18.30% | 11.40% | 9.20% | 11.50% | 23.00% | 14.60% | **17.10%** |
| Одлично сум информиран | 10.00% | 5.00% | 2.30% | 2.60% | 5.00% | 7.10% | 3.40% | **5.50%** |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 8.1 , најдобро се информирани вработените во јавниот сектор 10% се определиле дека се одлично информирани, тука можат да се приклучат и студентите со 7.1%, додека пак за воопшто неинформирани се сметаат 59.2% домаќинки, 52.3% земјоделци, 50.4% пензионери и 46.6% невработени.

# Информираност за преносот
# на надлежности во комуналните дејности

Од Табелата 9, може да се согледа дека, повторно, граѓаните во руралните општини се помалку информирани отколку граѓаните во урбаните општини; 52% од граѓаните во руралните општини не се воопшто информирани , а 47.5%од урбаните не се воопшто информирани. Одлично се информирани 4.2% граѓани на урбаните средини , а 1.5% од руралните. Нема некоја поголема разлика во однос на делумната информираност 34.7% град и 32% село и доволната информираност 13,6% град и 14,2% село.

**Табела 9.**
Информираност за преносот на надлежности во комуналните дејности

| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Град** | **Село** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 47.50% | 52.30% | 48.80% |
| **Делумно сум информиран** | 34.70% | 32.00% | 33.90% |
| **Доволно сум информиран** | 13.60% | 14.20% | 13.70% |
| **Одлично сум информиран** | 4.20% | 1.50% | 3.50% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 9.1. Информираност за преносот на надлежности во комуналните дејности**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 38.70% | 48.20% | 54.50% | 69.70% | 52.50% | 47.80% | 49.70% | 48.80% |
| Делумно сум информиран | 40.00% | 32.70% | 38.60% | 23.70% | 32.40% | 31.90% | 33.90% | 33.90% |
| Доволно сум информиран | 17.40% | 12.90% | 6.80% | 6.60% | 12.90% | 17.70% | 13.40% | 13.70% |
| Одлично сум информиран | 3.90% | 6.10% | | | 2.20% | 2.70% | 3.10% | 3.50% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус,Табела 9.1, воопшто не се информирани 69.7% домаќинки , потоа следат 54.5% земјоделци, 52.5% пензионери, 49.7% невработени, 48.2%вработени во приватниот сектор, 47.8% студенти и 38.7% вработени во јавниот сектор. Доволно се информирани само 13% од граѓаните. Одлично се информирани само 6.1% вработени во приватниот сектор, 3.9% вработени во јавниот сектор, 3.1% невработен, 2.2% пензионери и 2.7% студенти . Ниту еден анкетиран земјоделец и домаќинка не се изјасниле дека се одлично информирани за оваа област.

# Информираност за пренос на надлежности во урбанистичко планирање

За оваа област, Табела 10, повторно, послабо, се информирани граѓаните на руралните средини, или, 59.1% воопшто не се информирани, а 51.9% граѓани во урбаните средини не се воопшто информирани. Нема некоја поголема разлика кај делумната информираност во однос на местото на живеење - 31%град и 28, 3% село, а доволно се информирани само 11,5% од граѓаните.

**Табела 10.**
Информираност за преносот на надлежности во урбанистичкото планирање

| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Град** | **Село** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 51.90% | 59.10% | 53.80% |
| **Делумно сум информиран** | 31.00% | 28.30% | 30.30% |
| **Доволно сум информиран** | 11.50% | 11.40% | 11.50% |
| **Одлично сум информиран** | 5.60% | 1.20% | 4.40% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 10.1. Информираност за преносот на надлежности во урбанистичкото планирање**

| | **РАБОТЕН СТАТУС** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 41.30% | 54.00% | 63.60% | 76.30% | 49.60% | 48.70% | 59.60% | 53.80% |
| Делумно сум информиран | 36.50% | 27.70% | 25.00% | 18.40% | 38.10% | 30.10% | 28.30% | 30.30% |
| Доволно сум информиран | 16.50% | 11.20% | 11.40% | 5.30% | 7.20% | 15.90% | 9.90% | 11.50% |
| Одлично сум информиран | 5.70% | 7.20% | | | 5.00% | 5.30% | 2.20% | 4.40% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 10.1, повторно најслабо информирани или воопшто не се информирани 76.3% домаќинки, 63.3% земјоделци, 59.6% невработени, 54% вработени во приватниот сектор, 49.6%пензионери, 48.7% студенти и 41.3% вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани само 7.2% вработени во приватниот сектор , 5.7% во јавниот сектор, 5.3% студенти, 5% пензионери и 2.2% невработени. Ниту еден анкетиран земјоделец и домаќинка не се изјасниле дека се одлично информирани за оваа област.

# Информираност за финансирањето на општините

Голема е разликата помеѓу информираноста на граѓаните во урбаните и руралните општини за областа финансирање на општините, прикажана во Табела 11. Во урбаните општини 49.8% од граѓаните не се воопшто информирани, додека 62.2% од граѓаните во урбаните средини не се воопшто информирани за тоа како ќе се финансираат општините. Делумно се информирани 31.45%од граѓаните, а доволно се информирани само 12.1%граѓани на урбаните средини и 7.1% на руралните средини.

**Табела 11.**
Информираност за финансирањето на општините

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 49.80% | 62.20% | 53.20% |
| **Делумно сум информиран** | 32.50% | 28.60% | 31.40% |
| **Доволно сум информиран** | 12.10% | 7.10% | 10.70% |
| **Одлично сум информиран** | 5.60% | 2.20% | 4.70% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 11.1. Информираност за финансирање на општините**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 39.10% | 49.60% | 65.90% | 82.90% | 60.40% | 49.60% | 55.60% | 53.20% |
| Делумно сум информиран | 37.00% | 33.80% | 27.30% | 13.20% | 24.50% | 30.10% | 33.90% | 31.40% |
| Доволно сум информиран | 16.10% | 10.10% | 6.80% | 3.90% | 9.40% | 15.90% | 8.40% | 10.70% |
| Одлично сум информиран | 7.80% | 6.50% | | | 5.80% | 4.40% | 2.20% | 4.70% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 11.1, најслабо информирани или воопшти не се информирани 82.9% домаќинки, 65.9% земјоделци, 60.4% пензионери, 55.6% невработени, 49.6%студенти и вработени во приватниот сектор и 39.1%вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани 7.8%вработени во јавниот сектор, 6.5% вработени во приватниот сектор, 5.5% пензионери, 4.4% студенти и 2.2%невработени. Ниту еден анкетиран земјоделец и домаќинка не се изјасниле дека се одлично информирани за оваа област.

# Информираност за преносот на надлежности за локалниот економски развој

Во Табела 12, повторно се појавува голема разлика во информирањето на граѓаните на урбаните и на руралните општини. Воопшто не се информирани 63.7% граѓани од руралните општини, а 53,8% од урбаните за областа локален економски развој. Делумно се информирани 28.3%, а доволно се информирани 11.7%

**Табела 12.** Информираност за преносот на надлежности за локалниот економски развој

| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Град** | **Село** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 53.80% | 63.70% | 56.50% |
| **Делумно сум информиран** | 29.50% | 24.90% | 28.30% |
| **Доволно сум информиран** | 12.40% | 9.80% | 11.70% |
| **Одлично сум информиран** | 4.20% | 1.50% | 3.50% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела12.1. Информираност за преносот на надлежности за локалниот економски развој**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 45.70% | 53.60% | 75.00% | 80.30% | 55.40% | 59.30% | 58.10% | 56.50% |
| Делумно сум информиран | 32.20% | 29.10% | 20.50% | 11.80% | 30.90% | 25.70% | 29.50% | 28.30% |
| Доволно сум информиран | 18.30% | 11.50% | 4.50% | 6.60% | 10.10% | 10.60% | 10.60% | 11.70% |
| Одлично сум информиран | 3.90% | 5.80% | | 1.30% | 3.60% | 4.40% | 1.90% | 3.50% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 12.1, повторно најслабо се информирани или воопшто не се информирани 80.3% домаќинки, 75% земјоделци, 59.3% студенти, 58.1% невработени, 55.4% пензионери, 53.6%вработени во приватниот сектор и 45.7% вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани 5.8% вработени во приватниот сектор, 4.4% студенти, 3,9% вработени во јавниот сектор, 3.6% пензионери, 1.9% невработени и 1.3% домаќинки.

# Информираност за преносот на надлежности во културата

Во однос на информираноста за преносот на надлежности во културата владее приближно еднаква дистрибуција на одговорите на граѓаните на урбаната и на руралната средина, Табела 13. Или, 54.7% сметаат дека воопшто не се информирани, а од тоа 53.1% од урбаните и 59.1% од руралните средини.Во просек, 32.2% сметаат дека се делумно информирани , а 9.7% се одлично информирани. Само 3.4% се одлично информирани.

**Табела 13.** Информираност за преносот на надлежности во културата

| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Град** | **Село** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 53.10% | 59.10% | 54.70% |
| **Делумно сум информиран** | 33.00% | 30.20% | 32.20% |
| **Доволно сум информиран** | 10.00% | 8.60% | 9.70% |
| **Одлично сум информиран** | 3.90% | 2.20% | 3.40% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 13.1.Информираност за преносот на надлежности во културата**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 39.10% | 54.30% | 63.60% | 76.30% | 56.80% | 54.00% | 59.30% | 54.70% |
| Делумно сум информиран | 42.20% | 32.40% | 27.30% | 17.10% | 28.80% | 32.70% | 30.40% | 32.20% |
| Доволно сум информиран | 13.90% | 8.60% | 9.10% | 5.30% | 8.60% | 11.50% | 8.40% | 9.70% |
| Одлично сум информиран | 4.80% | 4.70% | | 1.30% | 5.80% | 1.80% | 1.90% | 3.40% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 13.1, најнеинформирани или воопшто не се информирани 76.3% домаќинки, 63.6% земјоделци, 59.9% невработени, 56.8%пензионери, 54.3% вработени во приватниот сектор, 54% студенти и 39.1% вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани 5.8% пензионери, 4,8% вработени во јавниот и приватниот сектор 1.8%студенти и невработени и само 1.3% домаќинки. Ниту еден земјоделец не е одлично информиран за преносот на надлежности во областа култура.

# Информираност за преносот на надлежности во областа за заштита на животната средина и природата

Во Табелата 14, е прикажана информираноста на граѓаните за преносот на надлежности во областа за заштита на животната средина и природата. Вкупно 57.4% од граѓаните воопшто не се информирани за оваа област, а од нив, 54.8% воопшто не се информирани од урбаните општини и 64.3% од руралните. Вкупно 28.3% од граѓаните се делумно информирани , а само 11.3% се доволно информирани.

**Табела 14. Информираност за преносотот на надлежности во областа за заштита на животната средина и природата**

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 54.80% | 64.30% | 57.40% |
| **Делумно сум информиран** | 29.30% | 25.50% | 28.30% |
| **Доволно сум информиран** | 12.10% | 9.20% | 11.30% |
| **Одлично сум информиран** | 3.80% | 0.90% | 3.00% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела14.1. Информираност за преносот на надлежности во областа за заштита на животната средина и природата**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 43.50% | 55.40% | 68.20% | 89.50% | 54.00% | 52.20% | 63.40% | 57.40% |
| Делумно сум информиран | 39.60% | 27.30% | 22.70% | 7.90% | 31.70% | 28.30% | 25.20% | 28.30% |
| Доволно сум информиран | 13.00% | 12.90% | 6.80% | 2.60% | 11.50% | 16.80% | 9.30% | 11.30% |
| Одлично сум информиран | 3.90% | 4.30% | 2.30% | | 2.90% | 2.70% | 2.20% | 3.00% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 14.1, повторно најмалку се информирани или воопшто не се информирани домаќинките-89.5%, земјоделците -68.2%, невработените -63.4%, вработени во приватниот сектор -55.4%, пензионери-54%, студенти -52.2%, 43.5% вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани само 4.3% вработени во приватниот сектор, 3.9% вработени во јавниот сектор, околу 2% пензионери, студенти, земјоделци, невработени, а ниту една домаќинка не е одлично информирана за оваа област.

# Информираност за преносот на надлежности во социјалната заштита и заштита на деца

Во Табелата 15, вкупно 58.6% од граѓаните воопшто не се информирани за преносот на надлежностите во оваа област и тоа повеќето што живеат во руралните општини или 65.2%.Делумно се информирани 30%, а доволно се информирани 8%.

**Табела 15. Информираност за преносот на надлежности во социјалната заштита и заштита на децата**

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 56.10% | 65.20% | 58.60% |
| **Делумно сум информиран** | 31.80% | 27.10% | 30.50% |
| **Доволно сум информиран** | 8.40% | 6.80% | 8.00% |
| **Одлично сум информиран** | 3.60% | 0.90% | 2.90% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 15.1. Информираност за пренос на надлежности во социјална заштита и заштита на деца**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 39.10% | 62.60% | 70.50% | 84.20% | 54.70% | 58.40% | 63.00% | 58.60% |
| Делумно сум информиран | 43.50% | 23.70% | 22.70% | 11.80% | 33.10% | 32.70% | 30.70% | 30.50% |
| Доволно сум информиран | 13.90% | 9.40% | 4.50% | 2.60% | 9.40% | 6.20% | 4.30% | 8.00% |
| Одлично сум информиран | 3.50% | 4.30% | 2.30% | 1.30% | 2.90% | 2.70% | 1.90% | 2.90% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 15.1, домаќинките- 84.2%, земјоделците- 70.5%, невработените -63% и вработените во приватниот сектор водат на листата на неинформираност, а потоа следуваат 58% студенти и 39.1%вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани само 4.3% вработени во приватниот сектор, 3.5% вработени во јавниот сектор, 2.9% пензионери, 2.7% студенти, 2.3% земјоделци, 1.9% невработени и 1.3% домаќинки.

# Информираност за преносот на надлежности во областа на заштита и спасување на граѓаните и противпожарна заштита

За оваа област, прикажана во Табела 16,  постои најмала информираност кај граѓаните, или, 67% од граѓаните воопшто не се информирани, 23% се делумно информирани, а доволно само 7.7%.

**Табела 16. Информираност за преносот на надлежности во областа на заштита и спасување на граѓаните и противпожарна заштита**

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Воопшто не сум информиран** | 65.70% | 71.40% | 67.20% |
| **Делумно сум информиран** | 23.70% | 20.90% | 23.00% |
| **Доволно сум информиран** | 8.00% | 7.10% | 7.70% |
| **Одлично сум информиран** | 2.60% | 0.60% | 2.10% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**16.1.Информираност за преносот на надлежности во областа на заштита и спасување на граѓаните и противпожарна заштита**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| Воопшто не сум информиран | 60.90% | 66.20% | 63.60% | 78.90% | 65.50% | 72.60% | 69.30% | 67.20% |
| Делумно сум информиран | 28.30% | 21.90% | 34.10% | 19.70% | 21.60% | 23.00% | 19.90% | 23.00% |
| Доволно сум информиран | 9.60% | 7.20% | 2.30% | 1.30% | 9.40% | 2.70% | 10.20% | 7.70% |
| Одлично сум информиран | 1.30% | 4.70% | | | 3.60% | 1.80% | 0.60% | 2.10% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 16.1, повторно домаќинките -78.9%, заедно со студентите- 72.6%, невработените- 69.3% водат на листата на воопшто неинформирани, а потоа следуваат: 66.2% вработени во приватниот сектор, 65.5% пензионери, 63.6% земјоделци и 60.9% вработени во јавниот сектор. Одлично се информирани само 4.7% вработени во приватниот сектор, 3.6% пензионери и околу 1% невработени, студенти, вработени во јавниот сектор. Ниту еден земјоделец или домаќинка не се одлично информирани за оваа област.

## 2.2.

## Оценка на изворите што информираат за процесот на децентрализација

На испитаниците им беше дадена можност да ги оценат и изворите за информирање за целосниот процес на децентрализација и пренос на надлежности од централно на локално ниво, Табела 17. За секој извор граѓаните можеа да дадат 4 типа на одговори , односно: 1 воопшто не информира, 2 делумно информира, 3доволно информира, 4 одлично информира. Од пресметувањето на средната вредност, може да се заклучи, дека информираноста на граѓаните се движи во опсег од 1 воопшто не информира до 3доволно информира. Значајно е дека има разлика меѓу посочените извори во однос на информирањето. Така, во првата група се изворите за кои граѓаните сметаат дека информираат во опсегот од 2делумно до 3доволно. Тоа се: телевизијата со просечна највисока вредност 2.74, потоа весниците со 2.49 и радиото со 2.19. Втората група извори на информирање се оценети од граѓаните во опсегот од 1 воопшто не информира до 2 делумно информира. Од нив највисока просечна оценка добиле: невладините организации 1.52, потоа општината 1.49 и на крај Министерството за локална самоуправа со 1.43.

Нема некоја значајна разлика во одговорите на испитаниците од рурална или од урбана општина, ниту кај испитаниците од различна етничка припадност, ниту кај испитаниците со различен работен статус.

**Табела 17. Оценете колку секој од наведените извори ве информира за процесот на децентрализација и пренос на надлежности од централно на локално ниво .**

| | |
|---|---|
| **1.Воопшто не информира** | **3.Доволно информира** |
| **2.Делуно информира** | **4.Одлично информира** |

| | |
|---|---|
| ТЕЛЕВИЗИЈАТА | 2.74 |
| ВЕСНИЦИТЕ | 2.49 |
| РАДИОТО | 2.19 |
| НВО | 1.52 |
| ОПШТИНАТА | 1.49 |
| МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 1.43 |
| **Средна вредност** | **1.97** |

*Импликации за креаторите и имплементаторите на локалната политика*

Добиените резултати говорат дека:

- Граѓаните се релативно слабо информирани, односно поголемиот број од нив или воопшто не е информиран или делумно е информиран за процесот на децентрализација и за преносот на надлежностите. Ваквата слаба информираност може да придонесе за: намалување на подршката на локалните самоуправи од страна на граѓаните, што може да се одрази во неплаќање на локалните даноци и такси или неучество во општински проекти.
- Граѓаните од урбаните општини се подобро информирани од граѓаните во руралните општини . Воопшто, нивото на информираност треба да се подигне и во урбаните и во руралните средини. Сепак, во руралните општини ќе треба да се вложат повеќе напори.
- Најдобро се информирани вработените во јавниот сектор, а најслабо се информирани, за сите области; домаќинките,

земјоделците, невработените. Ова е сериозен податок кој упатува на тоа, дека треба да се вложат напори за социјална инклузија на овие групи, што е всушност токму целта на секоја локална самоуправа. Подобрување на квалитетот на животот и социјално вклучување, особено на маргинализираните групи, треба да биде една од приоритетните цели на секоја локална самоуправа.

- Во сите области треба да се зголеми нивото на информирање. Како особено критични кај одделни групи на граѓани кои се директно засегнати се покажаа следните области: финансирање на општините, локален економски развој, заштита на животната средина и природата и социјална заштита и заштита на децата.
- Сите општини, особено руралните, треба да го подигнат нивото на информирање за целиот процес.

ГЛАВА 3

# Кои се очекувањата на граѓаните од локалната самоуправа

## 3.1.

## Што сакаат граѓаните да се подобри во нивната локална самоуправа?

На прашањето ” Како следниве сегменти би сакале да ги видите подобрени во вашата локална самоуправа”, граѓаните имаа можност да ги дадат следниве одговори: 1 потребно е да се задржи сегашниот квалитет на услуга и работа, 2 потребно е делумно подобрување на квалитетот на услугата и работата, 3 потребно е големо подобрување на услугата и работата.

Гледајки ја средната вредност на одговорите, може да се забележи дека за сите сегменти одговорите се во опсегот од 2 потребно е делумно подобрување, до 3 потребно е големо подобрување на услугата и работата. Притоа како што може да се види од Табелата 18, повеќето од граѓаните се определиле дека, како приоритетни сегменти во кои е потребно големо подбрување се:

Локалниот економски развој, што подразбира утврдување на развојни приоритети и водење на локална економска политика како и развој на претприемништвото 2.73;

Комуналните дејности, што подразбира одржување на јавна чистота, работа со вода, снабдување со вода за пиење и отпадни води, одржување на јавни површини и јавен превоз 2.72;

Образованието што подразбира основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, превоз и исхрана на ученици 2.71;

со иста средна вредност на одговорите е и Социјална заштита и заштита на деца и стари лица, што подразбира сопственост,

финансирање и одржување на детски градинки и домови за стари лица, 2.71;

Понатаму се подредени:

Заштита на животната средина, што подразбира заштита на природата, квалитет на воздухот, водата и управувањето со отпадот 2.69; Урбанизмот, што подразбира просторно и урбанистичко планирање 2.66; Развој на програми за култура, што подразбира институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти 2.59;

Заштитата и спасување на граѓаните и материјалните добра и противпожарна заштита 2.57.

**Табела 18. Како следниве сегменти би сакале да ги видите подобрени во вашата локална самоуправа.**

1. Потребно е да се задржи сегашниот квалитет на услуга и работа;
2. Потребно е делумно подобрување на квалитетот на услугата и работата;
3. Потребно е големо подобрување на услугата и работата

| | Средна вредност |
|---|---|
| Локален економски развој | 2.73 |
| Комунални дејности | 2.72 |
| Образование | 2.71 |
| Социјална заштита и заштита на деца и стари лица | 2.71 |
| Заштита на животна средина | 2.69 |
| Урбанизам | 2.66 |
| Култура | 2.59 |
| Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра и противпожарна заштита | 2.57 |

Интересно е да се нагласи дека нема значајна разлика во одговорите кај граѓаните во однос на етничка припадност, урбана рурална општина, образование, работен статус или години на старост.

Сегашниот квалитет на услугите во сите сегменти, граѓаните го оценуваат како многу слаб, што може да се согледа од Табелата 19, според тоа колкав е процентот на граѓаните што се определил за одговорот дека е потребно да се задржи сегашниот квалитет на услуга и работа

Само околу 8% од граѓаните сметаат дега сегашниот квалитет на услуги треба да се задржи во културата и заштитата и спасување на граѓани и материјални добра и заштита од пожари, а само 4-5% од граѓаните сметаат дека сегашниот квалитет на услуги треба да се задржи во сите останати области.

# 3.2.

## Дали општината има организационен и кадровски капацитет да ги спроведува новите надлежности?

Во однос на прашањето за организациониот и кадровскиот капацитет за спроведување на новите надлежности, преставено во Табела 20, во просек, 44.4% од граѓаните сметаат дека овој капацитет општината го поседува. Сепак, 29.9% не се запознаени со овој податок , а 25.7% сметаат дека општината нема институционален капацитет за да ги спроведе новите надлежности.

**Табела 19. Според Ваше размислување, дали Вашата општина има капацитет (организационен и кадровски) да управува и квалитетно да ги спроведува новите надлежности?**

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 43.20% | 47.70% | 44.40% |
| Не | 26.10% | 24.60% | 25.70% |
| Не знам | 30.70% | 27.70% | 29.90% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

*Импликации за креаторите и имплеметаторите на локалната политика*

Добиените резултати говорат дека:

- Очекувањата на граѓаните од локалната самоуправа се големи.
- Постои големо незадоволство кај граѓаните за квалитетот на услугите од сите области на надлежностите кои преминуваат во локалната самоуправа.
- Локалните самоуправи треба да посветат еднакво внимание и напори за подигање на квалитетот на услугите во сите области што преминуваат во нивна надлежност. Неминовно е да започнат да воведуваат практики со кои постојано ќе се мери квалитетот на услуги, да воспоставуваат стандарди и да ја зголемат ефикасноста.
- Како приоритетни области во кои е потребно големо подобрување се: локалниот економски развој, комуналните дејности, образованието, социјалната заштита, иако и другите не се за занемарување.
- Пзитивно е што 44% од граѓаните мислат дека нивните локални самоуправи имаат капацитет да се справат со новите надлежности. Потребно е локалните самоуправи да работат на придобивање, преку информирање на оној процент на население од 29% што не знае за тоа со какви капацитети располага нивната локална самоуправа.

ГЛАВА 4

# Граѓанска партиципација

## 4.1.

## Подготвеност на граѓаните да партиципираат во работењето на локалната самоуправа

На прашањето: "Дали вие лично би можеле да земете активна улога во некои општински проекти на волонтерска основа?", одговорите упатуваат дека граѓаните од руралните општини, и тоа 51.7%, се порасположени да учествуваат волонтерски во општински проекти, а само 39.9% граѓани од урбаните општини се расположени за тоа (Табела 20).

**Табела 20. Дали Вие лично би можеле да земете активна улога во некои општински проекти на волонтерска основа?**

| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | Град | Село | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Да** | 39.90% | 51.70% | 43.10% |
| **Не** | 46.10% | 37.80% | 43.80% |
| **Не знам** | 14.00% | 10.50% | 13.10% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 20.1. Дали Вие лично би можеле да земете активна улога во некои општински проекти на волонтерска основа?**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| **Да** | 47.00% | 42.10% | 43.20% | 13.20% | 28.10% | 62.80% | 47.80% | 43.10% |
| **Не** | 40.90% | 44.20% | 40.90% | 68.40% | 65.50% | 23.90% | 37.90% | 43.80% |
| **Не знам** | 12.20% | 13.70% | 15.90% | 18.40% | 6.50% | 13.30% | 14.30% | 13.10% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

**Табела 20.2. Дали Вие лично би можеле да земете активна улога во некои општински проекти на волонтерска основа?**

| | **ВОЗРАСТ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **18-25 год.** | **26-30 год.** | **31-40 год.** | **41-50 год.** | **51-65 год.** | **Над 65 год.** | **Вкупно** |
| **Да** | 49.40% | 53.10% | 44.30% | 40.60% | 37.30% | 14.30% | 43.10% |
| **Не** | 36.00% | 32.00% | 42.10% | 46.50% | 51.30% | 80.00% | 43.80% |
| **Не знам** | 14.60% | 14.90% | 13.60% | 13.00% | 11.40% | 5.70% | 13.10% |
| **Вкупно** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** | **100.00%** |

Во однос на работниот статус, Табела 20.1 , 62.8% од студентите би зеле активна улога, 47% невработени и вработени во јавниот сектор, 43%земјоделци, 42% вработени во приватниот сектор, 28% пензионери и само 13% домаќинки.

Во однос на возраста, Табела 20.2, 53% на возраст од 26-30 години и 49% на возраст од 18-25 години би зеле активна улога на волонтерска база во општината.

## 4.2.

## Колку време се подготвени граѓаните да одвојат за работа во локалната самоуправа на волонтерска основа

Од тие што одговориле дека се подготвени да учествуваат волонтерски, или 43% од анкетираните граѓани, интересно е дека 28% од руралните и 23% од урбаните општини би учествувале колку што е потребно, волонтерски на општински проекти (Табела 21) .

**Табела 21. Доколку би учествувале во општински проекти волонтерски, колку слободно време во текот на годината би можеле да одвоите?**

| | МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | | |
|---|---|---|---|
| | Град | Село | Вкупно |
| 1 - 2 дена | 9.90% | 9.50% | 9.80% |
| Една недела | 6.30% | 8.90% | 7.00% |
| 1 - 2 недели | 3.30% | 5.80% | 4.00% |
| Повеќе од 2 недели | 7.20% | 4.90% | 6.60% |
| Колку што е потребно | 23.00% | 28.60% | 24.50% |

**Табела 21.1. Доколку би учествувале во општински проекти волонтерски, колку слободно време во текот на годината би можеле да одвоите?**

| | РАБОТЕН СТАТУС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработен во јавниот сектор | Вработен во приватниот сектор | Земјоделец | Домаќинка | Пензионер | Студент | Невработен | **Вкупно** |
| **1 - 2 дена** | 10.00% | 12.20% | 4.50% | 6.60% | 5.80% | 10.60% | 10.60% | **9.80%** |
| **Една недела** | 8.70% | 5.40% | 9.10% | 7.90% | 2.90% | 11.50% | 6.80% | **7.00%** |
| **1 - 2 недели** | 2.20% | 5.80% | 9.10% | | 2.90% | 4.40% | 4.30% | **4.00%** |
| **Повеќе од 2 недели** | 8.30% | 4.70% | 9.10% | 2.60% | 7.90% | 13.30% | 4.70% | **6.60%** |
| **Колку што е потребно** | 24.80% | 24.80% | 27.30% | 5.30% | 14.40% | 32.70% | 29.80% | **24.50%** |

**Табела 21.2. Доколку би учествувале во општински проекти волонтерски, колку слободно време во текот на годината би можеле да одвоите?**

| | ВОЗРАСТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **18-25 год.** | **26-30 год.** | **31-40 год.** | **41-50 год.** | **51-65 год.** | **Над 65 год.** | **Вкупно** |
| **1 - 2 дена** | 6.70% | 15.40% | 13.60% | 6.70% | 7.30% | 1.40% | **9.80%** |
| **Една недела** | 10.40% | 5.00% | 6.10% | 11.80% | 2.60% | 4.30% | **7.00%** |
| **1 - 2 недели** | 4.30% | 5.00% | 2.90% | 3.90% | 5.20% | 1.40% | **4.00%** |
| **Повеќе од 2 недели** | 6.70% | 7.50% | 6.40% | 5.90% | 7.80% | 2.90% | **6.60%** |
| **Колку што е потребно** | 28.00% | 29.90% | 24.60% | 22.80% | 22.80% | 8.60% | **24.50%** |

Во однос на работниот статус, Табела 21.1, најрасположени да одвојат време колку што е потребно се студентите - со 32.7%, потоа невработените- 29.8%, земјоделците -27.3%, со по 24% вработените во приватниот и јавниот сектор, а најмалку се спремни да учествуваат домаќинките -5.3% и пензионерите - 14.4%.

Во однос на возраста, Табела 21.2, граѓаните на возраст од 18 до 30 години со 28% би учествувале колку што е потребно, но не е помалку за потценување и старосната категорија од 31 до 40 години, која би учествувала колку што е потребно- со 24.6% и категоријата од 41 до 65 години која би учествувала со 22.8%. Само старосната категорија над 65 години би учествувала колку што е потребно- со 8.5%.

*Имликации за креаторите и имплементаторите на локалните политики*

- Кај граѓаните постои добро расположение за учество во општински проекти, и тоа волонтерски. Ова е особено значаен податок, бидејки отвара можности и подготвеност да се активира интелектуалниот потенцијал во општините.
- За учество во општинските проекти на волонтерска основа се позаинтересирани граѓаните од руралните општини, отколку тие од урбаните.
- Целната група , што е најподготвена да учествува волонтерски колку што е потребно во општински проекти, се студенти, невработени и земјоделци на возраст од 18 до 30 години.
- Вработените во јавниот сектор и вработените во приватниот сектор се група која има искажано добар интерес за волонтерско учество во општински проекти , но со став дека би одвоиле помалку од слободното време. Сепак, треба да се настојува оваа група да се активира, почитувајки го нивниот однос кон времето што можат да го одвојат.
- Домаќинките и пензионерите, како и возрасната група над 65 години е најнезаинтересирана за партиципација.